**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.** 1505-646/8
28.12. **2007 година**
**Скопје**

Врз основа на член 27 од Законот за државната ревизија ("Сл. Весник на РМ" бр. 73/2004 - Пречистен текст) и добиен приговор по Конечен извештај за извршена ревизија на успешност кај Министерството за внатрешни работи на РМ – проект Нови лични документи бр.1503 – 646/4 од 12.12.2007 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесе следното

## *РЕШЕНИЕ*
## *по поднесен приговор на Конечен извештај*

1. Приговорот на образложението кон наодот бр. 2 од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност кај Министерството за внатрешни работи на РМ – Проект Нови лични документи, **не се прифаќа**.
2. Приговорот на образложението кон наодот бр. 4 од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност кај Министерството за внатрешни работи на РМ – Проект Нови лични документи, **не се прифаќа**.
3. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во Годишниот извештај.
4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## *Образложение,*

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност кај Министерството за внатрешни работи на РМ – Проект Нови лични документи до Државниот завод за ревизија поднесен е приговор бр. 1504 – 646/7 од 21.12.2007 година.

Образложенијата за прифаќање односно неприфаќање на приговорите се следните:

1. Приговорот даден на образложението кон наод бр. 2 од Конечниот извештај **не се прифаќа,** поради следното: во Конечниот извештај јасно и недвосмислено е искажано дека од аспект на утврдување на оправданост на поединечни трошоци, ревизијата утврди дека поради настанатите состојби опишани во точка 1.1. од Конечниот извештај, а со цел нивно надминување, МВР на РМ образложи дека на работилниците одржани во ноември/декември 2006 година донесена е одлука за склучување Анекс 1 кон Договорот со Giesecke and Devrient. Анексот е склучен во јануари 2007 година на вредност од 75.000 евра со предмет "дополнителни услуги за персонализација (барање за персонализација на 3 јазици на дел од документите од МВР) и по тој основ продолжување на временските рамки на проектот". Нашиот наод се однесува на следното: Имајќи во предвид дека испишувањето на податоците во ПИ на трите писма е веќе дефинирано во позитивната законска регулатива на РМ од 2004 година не можеме да дадеме оценка на оправданоста за склучување на Анекс 1.

   Наодот во ревизорскиот извештај не се однесува на настаните кои довеле до склучување на Анексот 1, туку на оправданоста од



Државен завод за ревизија - ЕМБС 5214114
ул. Маршал Тито-12/3 - Палата Македонија 1000 Скопје; Република Македонија
телефон: (02) 3211-520; 3211-272; факс: 3126-311; e-mail: dzr@dzr.gov.mk; www.dzr.gov.mk

дополнително склучување на документ кој регулира дополнителни услуги, а кои услуги се веќе дефинирани во позитивната законска регулатива од оваа област и за кој документ МВР на РМ има дополнително создадени трошоци.

2. Приговорот даден на образложението кон наодот бр. 2 од Конечниот извештај **не се прифаќа**, поради следното: не постои пишана документација ниту е добиена потврдна информација од лицето од МНР на РМ за кое МВР на РМ дава образложение дека било усмено информирано за скриениот недостаток на ПИ – дипломатски пасоши. Ревизорите спроведоа постапка на контрадикторност во МВР на РМ и не добија потврден одговор. Откривањето на скриен недостаток на корицата на ПИ, според значајноста на информацијата, не може да биде предмет на усмено информирање на надлежните лица во институциите.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Заменик Главен државен ревизор,**

Скопје, 27.12.2007 година

**Благоја Илиевски**



Државен завод за ревизија - ЕМБС 5214114
ул. Маршал Тито-12/3 - Палата Македонија 1000 Скопје; Република Македонија
телефон: (02) 3211-520; 3211-272; факс: 3126-311; e-mail: dzr@dzr.gov.mk; www.dzr.gov.mk